# Упатство за употреба

***Пред употреба на лекот, внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за Вас.***

Овој лек се издава без рецепт. И покрај тоа, Мукоплант Еукалиптус, треба да го употребувате внимателно за да Ви биде што повеќе од корист.

DR.THEISS

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.
- Ако симптомите на Вашата болест се влошат или не се подобрат во текот на 3-5 дена, тогаш мора да појдете на лекар.
- Ако приметите било какви несакани дејства, вклучително и несакани дејства кои не се спомената во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**Упатството за употреба содржи:**


1. Што претставува Мукоплант Еукалиптус и за што се употребува?
2. Што мора да знаете пред да употребите Мукоплант Еукалиптус?
3. Како да го употребувате Мукоплант Еукалиптус?
4. Можни несакани дејства.
5. Чување и рок на употреба на Мукоплант Еукалиптус.


# Mucoplant Eucalyptus, ointment/ Мукоплант Еукалиптус, маст

Eucalyptus oil/Pine sylvestris oil/Camphor, racemic
75 mg/75 mg/50 mg

*Активни супстанции во 1 g маст:

| | |
|---|---|
| етерично масло од еукалиптус (Eucalyptus oil) | 75 mg |
| етерично масло од бор (Pine sylvestris oil) | 75 mg |
| камфор, рецемичен (Camphor, racemic) | 50 mg |

*Помошни супстанции:
масло од пченка, рафинирано; пчелин восок, жолт; тврда маст.

***Носител на одобрението за ставање на лекот во промет во РМ:***
Натусана Македонија, ул. Качанички пат бр. 174, МК-1010 Скопје, www.natusana.mk

***Производител:*** Dr. Theiss Naturwaren GmbH, Michelinstrasse 10, D-66424 Homburg, Германија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА МУКОПЛАНТ ЕУКАЛИПТУС И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА?

Мукоплант Еукалиптус е маст за надворешна употреба - дермална употреба (втривање) и респираторна употреба (инхалација), со светло жолта боја и пријатен мирис на еукалиптус.

Картонска кутија содржи темна стаклена тегличка со широк отвор, затворена со PP-капак на навртување и упатство за пациентот. Тегличката содржи 20 g/50 g маст. Сите големини на пакувања може да не бидат пуштени во промет.

Комбинацијата на активни супстанции во текот на сонот делува благо антисептички, го намалува застојот на секретот во дишните патишта, го промовира искашлувањето и го олеснува дишењето.

Мукоплант Еукалиптус маста се употребува за подобрување на општата здравствена состојба и олеснување на симптомите на настинки при кои се засегнати дишните патишта, како на пример:

- некомплицирани настинки, придружени со кашлица и зголемена мукозна секреција,
- засипнатост,
- некомплициран бронхијален катар (воспаление на мукозните мембрани на бронхиите (бронхијална опструкција)) со честа засегнатост на мукозната мембрана на трахеата (душникот).

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ МУКОПЛАНТ ЕУКАЛИПТУС?

***Немојте да употребувате Мукоплант Еукалиптус***

- ако сте алергични на активните или на некоја од помошните супстанции,
- кај деца помали од 2,5 години (30 месеци),
- кај пациенти кој патат од бронхијална астма, голема кашлица, псеудокруп и други болести на респираторниот систем кои се поврзани со преосетливост на дишните патишта (вдишувањето може да предизвика грч на бронхијалните мускули),
- за инхалација во стадиуми на акутни инфламаторни инфекции на дишните патишта и акутна пневмонија.

Да не се нанесува на повредена или изгорена кожа и кожа кај педијатриски болести со егзантем.
Треба да се употребува исклучиво на неоштетена кожа.

***Бидете особено внимателни со Мукоплант Еукалиптус***

Камфорот и 1,8-цинеолот (главна компонента во етеричното масло од еукалиптус) може да предизвикаат ларингеална констрикција со сериозна диспнеа или апнеа (потешкотии во дишењето, респираторен застој) кај бебиња и деца помали од 2,5 години.

Мукоплант Еукалиптус маста не треба да се нанесува на лице и на слузниците вклучително на носот и пределот околу очите. После употреба рацете треба внимателно да се измијат.

Треба да се употребува исклучиво на неоштетена кожа.

Мукоплант Еукалиптус маста треба да се употребува само надворешно и за инхалација.

Ако симптомите после 3-5 денови употреба се сеуште присутни, во случај на диспнеа, главоболка, треска, гнојна/крвава плунка или назална секреција, се препорачува веднаш да се консултирате со лекар.

Педијатриска популација
Не се препорачува дермална употреба (втривање) кај деца помеѓу 2,5 и 4 години и респираторна употреба (инхалација) кај деца помеѓу 2,5 и 6 години.

Инхалацијата кај деца на училишна возраст треба да биде во присуство на возрасен.

*Посоветувајте со Вашиот лекар и тогаш кога горе наведените укажувања се однесувале на Вас, било кога во минатото.*

***Бременост и доење***
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред употреба на било каков лек.*

Поради недостапност на доволно податоци, употребата за време на бременост и лактација не се препорачува.

Употребата на маста Мукоплант Еукалиптус нема влијание врз храна и напиток ниту врз способноста на возење или ракување со машини.

***Влијание на способноста за возење и ракување со машини***
Нема достапни информации.

***Употреба на други лекови***
*Известите го Вашиот лекар или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*

Етеричното масло од еукалиптус може да ја поттикне црнодробната ензимска активност, поради што дејството на други лекови може да се


Kunde: Dr. Theiss Naturwaren GmbH
Projekt: Euka_BPZ_Bals_Muco_MK_Reg-E1
Druckerzeugnis: BPZ
Stanze: –
Format: 372 x 115 mm
Auftr.-Nr.: 0316208
EAN: –
Art.-Nr: 00727881
Fertigw.-Nr: 871103/2
Druckfarben: Black HKS 6
Veredelung:
Achtung! Bitte prüfen Sie die Daten auf Vollständigkeit, Richtigkeit und auf alle gesetzlichen Anforderungen, die an die Kennzeichnung des jeweiligen Produktes gestellt werden. Dem Hersteller obliegt es, die Daten auf die Anforderungen der erforderlichen Drucktechnik anzupassen.
Diese Vorlage und alle darin enthaltenen Elemente unterliegen dem Urheberrecht und dürfen nur zu dem vereinbarten Zweck für das vorstehend bezeichnete Produkt verwendet werden. Eine Nutzung über diesen Zweck hinaus ist rechtlich unzulässig.
ALT
hartmann designagentur
Tel 0 63 71 - 5 28 48
Mindestschriftgröße muss 9 pt sein
Beträgt derzeit 9 pt

намали. Ова не може да се исклучи во случај на нанесување на маста на голема површина на кожата или при подолготрајна употреба.

## 3. КАКО ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ МУКОПЛАНТ ЕУКАЛИПТУС?

*При употреба придржувајте се до упатството, бидејќи во спротивно лекот нема правилно да делува. Ако не сте сигурни консултирајте го Вашиот лекар или фармацевт.*

Начин на употреба
Надворешна употреба -дермална употреба (втривање) и респираторна употреба (инхалација).

За втривање и за инхалација при настинка и бронхитис.

Дозирање
За втривање

Доколку не е поинаку препишано од лекар, маста во тенок слој се нанесува со лесно втривање на кожата на градите и грбот неколку пати во текот на денот и навечер пред спиење. По нанесувањето на маста, топлината треба да се одржува со фланелна или волнена облога или пациентот треба топло да се облече.

За инхалација
Растворете од маста количина колку зрно грашок во 1/2 L врела вода (65°C), но не во вода што врие. Главата да се препокрие со пешкир и да се инхалира од пареата 5-10 минути. За детца во присуство на возрасен.

Маста е погодна за употреба и со апарат за инхалација кој користи врела вода. При употреба на апарат за инхалација, Ве молиме следете го упатството на апаратот. Инхалацијата е особено погоден метод за олеснување на спиењето во случај на кашлица.

**Педијатриска популација**
Локална употреба на кожа не се препорачува кај деца помеѓу 2,5 и 4 години и инхалација не се препорачува кај деца помеѓу 2,5 и 6 години.

Употребата на Мукоплант Еукалиптус маста е контраиндицирана кај деца помали од 2,5 години.

Внимавајте децата да не ја допрат кожата од третираните делови и внимавајте на нив за време на инхалацијата.

Ако симптомите после 3-5 денови употреба се сеуште присутни, во случај на диспнеа, главоболка, треска, гнојна/крвава плунка или назална секреција, се препорачува веднаш да се консултирате со лекар.

*Ако ефектот на Мукоплант Еукалиптус маста Ви се чини премногу силен или премногу слаб, Ве молиме консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

***Ако сте употребиле поголема доза од Мукоплант Еукалиптус отколку што треба***
Случајнаото предозирање при дермална употреба може да предизвика иритација на кожата. Несаканото голтање на маста може да предизвика пореметувања како што се гадење, повраќање и дијареа. Во случај на голтање на поголема количина од маста можна е појава на невролошки пореметувања. Симптомите мора да бидат третирани. Не смее да се провоцира повраќање.

*Ако сте употребиле поголема доза отколку што треба, веднаш треба да побарате совет од Вашиот лекар или фармацевт.*

***Ако сте заборавиле да употребите Мукоплант Еукалиптус***
Ако сте заборавиле да го употребите лекот не употребувајте следниот пат поголема количина од препорачаната за да ја надоместите пропуштената доза.

***Ако сте престанале да го употребувате Мукоплант Еукалиптус***
*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови и Мукоплант Еукалиптус маста може да има несакани дејства, коишто не се појавуваат кај секого.*

Нарушувања на имуниот систем
Иритација на кожата и мукозата.

Психијатриски нарушувања
Халуцинации.

Нарушување на нервниот систем
Дермалната употреба на поголема површина може да предизвика токсични симптопи како на пр. оштетување на ЦНС (веднаш, по употреба на камфор).

Респираторни, торакални и медијастинални нарушувања
Стридор, диспнеа и опструктивна диспнеа. Рефлексивен бронхоспазам проследен со состојби слични на астма со последователна апнеа.

Нарушувања на кожата и подкожното ткиво
Иритација на кожата и мукозата.

Ренални и уринални нарушувања

Дермалната употреба на поголема површина може да предизвика токсични симптоми како на пр. нефротоксицитет (веднаш, по употреба на камфор).

Не треба да се употребува кај деца со зголемен ризик од појава на напади.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се спомената во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

Пријавување на сомнителни несакани дејства
Известувањето за сомнителни несакани дејства по авторизација на лекот е многу важно. Овозможува континуиран мониторинг на корист/ризик рамнотежата од лекот. Здравствените работници имаат обврска да ја известат Агенцијата за лекови и медицински средства за секое сомнително несакано дејство.

*Со пријавување на несаканите дејства може да помогнете во обезбедувањето на повеќе информации во врска со безбедноста на овој лек.*

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА МУКОПЛАНТ ЕУКАЛИПТУС

**Лекот чувајте го на места недостапни за деца!**
Да се чува на температура под 25° C.

Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба наведен на кутијата/тегличката. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лекот може да се употребува 6 месеци после првото отворање.
*Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинство. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои веќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.*

***Начин на издавање на лекот***
Лекот може да се издава во аптека без рецепт.

***Датум на последна ревизија на внатрешното упатство***
Февруари, 2017.

***Број на одобрение за ставање на лекот во промет***
**Мукоплант Еукалиптус, маст x 50 g:** 11-5414/2; 07.04.2017 година.
**Мукоплант Еукалиптус, маст x 20 g:** 11-2069/4; 07.04.2017 година.

00727881 871103/3 871119/0